РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-318/1
15-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 08-1534/1 од 10.03.2023 година, за проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на ____________________, ___________________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1534/1 од 10.03.2023 година.

Предметот со број 08-1534/1 од 10.03.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-1534/1 од 10.03.2023 година е оформен по сопствена иницијатива, во насока на проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на ________________________ поднесена по избор на функцијата ________________________.

ДКСК, од Министерството за внатрешни работи побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ___________________ и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и од финансиските институции на територија на РСМ.

По извршена анализа на прибавените податоци од наведените институции, како и податоците од изјавата за имотна состојба и интереси поднесена од страна на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

именуваниот, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Адем Чучуљ

Изработил: м-р Б. С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК